Република Северна Македонија
Јавна детска градинка "ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ"
на општина Кисела Вода
Бр. 02-21/1
23.01.2026 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак: 0201
Рок на чување: 1 год.
23.01.2026 год.
Скопје

Врз основа на член 116 став 11, член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022, 17/2025 и 132/2025), член 27 став 1 алинеја 19 од Статутот на ЈДГ „Весели Цветови“-на ОКВ во Град Скопје и Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца во ЈДГ „Весели Цветови“- на ОКВ во Град Скопје што паѓа на товар на родителите од Советот на Општина Кисела Вода, бр. 09-12004/6 од 30.12.2025година, Управниот одбор на ЈДГ „Весели Цветови“- на ОКВ во Град Скопје, на седницата одржана на ден 22.01.2026 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈДГ „Весели Цветови“- на ОКВ во Град Скопје и износот на надоместокот на трошоците за престој на децата во установата што паѓа на товар на родителите**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува месечниот износ на цената на услугите што ја дава ЈДГ “Весели Цветови“ – на ОКВ во Град Скопје и износот на надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите чии деца се престојуваат во установата.

**ИЗНОС НА НАДОМЕСТОКОТ**

**Член 2**

Износот на надоместокот на трошоците за престој на децата во Јавната Детска Градинка “Весели Цветови“ – на ОКВ во Град Скопје што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат ќе се утврдува во зависност од услугите се утврдува месечно по дете и тоа:
1. Програма за целодневен престој
- за дете до 6 (шест) годишна возраст ................2.000,00 денари
2. Програма за полудневен престој
- престој со комбиниран оброк...............................1.082,00 денари (појадок и прва ужина)
- престој со ужина ................................................699,00 денари (прва ужина)
- престој без ужина................................................401,00 денари
3.Други форми на престој
-згрижување за 1 час ..............................................95,23 денари
4.За престој и исхрана на дете
-од 6 (шест) до 10 (десет) годишна возраст -----------2.000.00 денари

Утврдените износи ќе се усогласува еднаш годишно, според движењето на индексот на трошоците на животот објавен од Државниот завод за статистика, во висина од 50% и просечно

исплатената плата на сите вработени во Р.С. Македонија во висина од 50%, согласно следната формула:

$$И^1 = И^0 \times (0.5 \times ГИТЖ + 0.5 \times ПП)$$

$И^1 = И^0 \times (0.5 \times ГИТЖ + 0.5 \times ПП)$
$И^0$ = основен износ (2.000 денари)
ГИТЖ = годишен индекс на трошоци на живот (изразен како процент)
ПП = пораст на просечно исплатената плата (изразен како процент)
$И^1$ = усогласена цена.

## НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА

**Член 3**

Со надоместокот на цената на услугите се обезбедуваат прехрамбени продукти за исхрана на децата и други елементи на надоместок - материјален трошок.

Од средствата што родителите ги плаќаат како надоместок, 65% се обезбедуваат прехрамбени производи за исхрана на децата, а остатокот од 35% се обезбедуваат материјалните трошоци поврзани со престојот и згрижувањето на децата.

Поделбата на средствата за исхрана на децата и средствата за материјални трошоци според секоја пооделно програма ќе се пресметува на следниот начин:

1. Програма за целодневен престој

- за дете до 6 (шест) годишна возраст, износот од 2.000,00 денари се дели на 1.300,00 денари за прехранбени производи и 700,00 денари за материјален трошок.

2. Програма за полудневен престој

- престој со комбиниран оброк износот од 1.082,00 денари се дели на 703,00 денари за прехранбени производи и 379,00 денари за материјален трошок.
- престој со ужина износот од 699,00 денари се дели на 454,00 денари за прехранбени производи и 245,00 денари за материјален трошок.
- престој без ужина....................................................401,00 денари (за материјален трошок).

## НАЧИН НА ПРЕСМЕТКА НА НАДОМЕСТ ПРИ ОТСУСТВУВАЊЕ

**Член 4**

При отсуство на детето наплатата на надоместокот ќе се врши на следниов начин:
-за најавено и оправдано отсуство на детето, за првите 5(пет) работни дена отсуството треба да се плати цел износ , а за секој нареден ден треба да се плаќа износот само за материјалниот трошок.

Доколку отсуството е со прекин и нема континуитет од 5(пет) работни денови во текот на месецот, корисникот на услугите за деновите отсуство плаќа 100% од трошоците за престој.

**Член 5**

За време кога објектите на установата не работат и во други случаеви предизвикани од објективни причини- виша сила (временски непогоди, зарази, епидемии и др.) ќе се наплаќа само материјалниот трошок.

**Член 6**

Правата и обврските помеѓу установата и корисникот на услугите се уредуваат со договор.

Корисниците добиваат сметки (фактури) за услугите кои ги користи од 1 до 10 во месецот, врз основа на редовност на детето во претходниот месец.

Корисникот на услугата е должен истата да ја плати најдоцна до 20-ти во месецот.

Корисникот на услугите може и електронски да го добива и плаќа фактурите за престој на детето во градинка, преку платформата „e-naplata.mk“, согласно условите и упатствата утврдени во договорот за престој.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 7**

Постапката за измена и дополнување на овој правилник е иста како и за неговото донесување.

**Член 8**

Овој Правилник стапува на сила по неговото донесување, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Претседател на УО,

---------------------------

Наташа Ѓорѓиева